**20130611351**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 81 став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛИЦА АНГАЖИРАНИ НА ПОВИК ОД АГЕНЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА ЧУВАЊЕ И НЕГА НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службената легитимација на лица ангажирани на повик од страна на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст (во натамошниот текст: легитимацијата).

Член 2

(1) Образецот на легитимацијата е двостран и се печати на пластифицирана хартија во бела боја, во правоаголна форма со големина 11,5 х 7,5 см.

(2) Образецот на легитимација на предната страна содржи: назив на агенцијата за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст (во натамошниот текст: агенцијата) која ја издава легитимацијата, заштитен знак на агенцијата, назив “ЛЕГИТИМАЦИЈА“, место за фотографија во боја со големина 2,5 х 3 см, име и презиме на ангажираното лице на повик, регистарски број на легитимацијата и број на лиценца на ангажираното лице.

(3) Образецот на легитимација на задната страна содржи: назив и седиште на агенцијата, датум на издавање на легитимацијата, место за печат и потпис на овластеното лице на агенцијата.

Член 3

Образецот на легитимацијата е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-2751/1<br>
19 април 2013 година<br>
Скопје

Министер,<br>
**Спиро Ристовски**, с.р.

Прилог

**Предна страна**

(заштитен знак )

**Агенција ________________________**

**Л Е Г И Т И М А Ц И Ј А**

| | |
|---|---|
| | Име ______________________________<br>Презиме ______________________________<br>Рег. број ______________________________<br>Лиценца број. ______________________________ |
| | |

**Задна страна**

**Агенција ________________________**

Седиште на агенцијата

_____________________________________________________

Датум на издавање ____________________________________

М.П. ________________________

Потпис на одговорното лице